Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**мај 2025 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## СОДРЖИНА

**Р Е З И М Е ............ 2**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР ............ 3**

Индустриско производство ............ 3

Број на работници во индустријата ............ 4

Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ............ 4

Индекси на прометот во индустријата ............ 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ............ 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти ............ 7

Промет во секторот трговија ............ 7

Инфлација ............ 8

Берзански цени ............ 9

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА ............ 11**

Извоз ............ 11

Увоз ............ 12

Салдо на трговска размена ............ 13

Валутна структура ............ 13

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР ............ 14**

Буџетски приходи и расходи според економската класификација ............ 14

Расходи по буџетски корисници ............ 16

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР ............ 17**

Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување ............ 17

Плати ............ 18

Пензии ............ 18

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР ............ 19**

Примарни пари ............ 20

Депозитен потенцијал ............ 20

Кредити на банките ............ 21

Каматни стапки на депозитни банки ............ 21

Пазар на капитал ............ 22

Девизни резерви ............ 22



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## мај 2025 година

- Во мај 2025 година, индустриското производство забележа раст од 9,4% во споредба со истиот месец претходната година;
- Во мај 2025 година, стапката на инфлација изнесува 3,3% на годишно ниво и овој месец забрза споредено со претходниот месец (2,6% во април 2025 година). На месечно ниво инфлацијата бележи раст од 1,5%;
- Во мај 2025 година, извозот забележа силен раст од 23,4%, а увозот раст од 8,6%, што резултираше со значително намалување на трговскиот дефицит за 22,6% споредено со истиот месец од 2024 година;
- Во периодот јануари – мај 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 132.575 милиони денари, што претставува 36,9% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 8,6% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024 година;
- Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – мај 2025 година изнесува 151.372 милиона денари, што претставува 37,8% од годишниот план и бележи зголемување за 5,1% во однос на истиот период од 2024 година;
- Во мај 2025 година, вкупните кредити се зголемија за 12,1% во споредба со мај 2024 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 12,2%;
- Просечната исплатена нето-плата во април 2025 година достигна 45.452 денара, притоа забележувајќи номинален годишен раст од 10,6% и реален раст од 7,8%. Највисока просечна нето-плата е регистрирана во дејноста „Компјутерско програмирање“ и таа изнесува 101.452 денара.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во мај 2025 година, индустриското производство забележа раст од 9,4% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменото производство во секторите Рударство и вадење камен за 18,8% и Преработувачка индустрија за 9,0%, додека намалување на производството бележи секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 11,8%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Раст на производството во мај 2025 година бележат 18 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 75,9% од вкупната индустрија. Притоа, индустриското производство во најголема мера е придвижено од производството на моторни возила, приколки и полуприколки, коешто се зголеми за 21,8% и има придонес од 3,7 п.п.. Ваквиот раст, пред сè, се должи на повторното активирање на производството на автобуси во земјата. Зголеменото производство се огледа и во значителното зголемување на извозот во текот на истиот месец, при што, исто така, се забележува раст на извозот на моторни возила (автобуси) во САД и во неколку други земји. Освен кај моторните возила, висок раст бележат и производството на производи од гума (раст од 91,6% и придонес од 2,7 п.п.) и производството на електрична опрема (раст од 31,1% и придонес од 2,3 п.п.).

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Од традиционалните гранки, во мај 2025 година во следните гранки се забележува зголемување на производството: производство на дрво и производи од дрво и плута за 43,2% со придонес од 0,4 п.п., производство на кожа за 43% со придонес од 0,2 п.п., производство на пијалаци за 19,2% со придонес од 0,7 п.п., производство на облека за 18% со придонес од 1,0 п.п, производство на текстил за 13,3% со придонес од 0,6 п.п., прехранбена индустрија за 10,2% со придонес од 1,1 п.п., додека намалување на производството се забележува единствено во гранката производство на тутунски производи за

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, мај 2025 година)*




**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, мај 2025 година)*



9,3% со придонес од -0,1 п.п..

Во мај 2025 година споредено со мај 2024 година, индустриското производство според намената на произведените единици е зголемено во групите: Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 13,7% со придонес од 4,1 п.п.), Капитални производи (раст од 13,5% со придонес од 3,5 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (раст од 6,6% со придонес од 2,1 п.п.), а намалено во групите Енергија (пад од 8,0% со придонес од -0,7 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 9,0% со придонес од -0,4 п.п.).

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари – мај 2025 година е регистриран во следните групи: Интермедијарни производи, освен енергија (за 16,3%), Трајни производи за широка потрошувачка (за 2,1%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 1,0%), додека пад се забележува во групите: Енергија (за 5,5%) и Капитални производи (за 4,9%).

## Број на работници во индустријата

Во мај 2025 година, бројот на работници во индустријата е намален за 4,3% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,4%, Преработувачка индустрија за 4,5% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 2,3%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на машини и уреди, неспомената на друго место за 16,9%, Производство на тутунски производи за 4,9% и Производство на електрична опрема за 4,4%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во мај 2025 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележат групите: Интермедијарни производи, освен енергија за 0,1% и Трајни производи за широка потрошувачка за 12,4%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - мај 2025 година бележи пад за 4,1%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,2%, Преработувачка индустрија за 4,3% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,9%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - мај 2025 година е зголемен само во секторот Трајни производи за широка потрошувачка за 15,4%.

## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во мај 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 6,4%, во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,1%, Преработувачка индустрија за 4,2%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 18,9% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,8%.

Во мај 2025 година во споредба со мај 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 17,4%, Интермедијарни производи, освен енергија за 2,6%, Производи за широка потрошувачка за 5,5% и Нетрајни производи за 5,8%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

На кумулативна основа, во периодот јануари – мај 2025 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 6,5%, што се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 4,3%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 19,9% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,8%, додека продажните цени во секторот Рударство и вадење камен останаа непроменети.

**Графикон 1.5**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




Во периодот јануари - мај 2025 во споредба со јануари – мај 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 18,2%, Интермедијарни производи, освен енергија за 3,2%, Производи за широка потрошувачка за 5,1% и Нетрајни производи за 5,4%.

**Графикон 1.6:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во мај 2025 година во однос на мај 2024 година бележи раст за 16,8%. Растот се должи на зголемениот промет во секторот Преработувачка индустрија за 17,9%, додека секторот Рударство и вадење на камен бележи пад за 7,6%.

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




Во мај 2025 година во споредба со мај 2024 година, прометот во индустријата се зголеми во сите групи: Интермедијални производи, освен енергија за 9,2%, Капитални производи за 29,5%, Трајни производи за широка потрошувачка за 1,3% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 10,3%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустрија во мај 2025 во споредба со истиот месец минатата година се:

- Производство на моторни возила, приколки и полуприколки (раст од 133,2%);
- Производство на кожа и слични производи од кожа (раст од 44,0%) и
- Производство на производи од гума и производи од пластични маси (раст од 37,0%).

На кумулативна основа, во периодот јануари – мај 2025 година во споредба со истиот период минатата година прометот во индустријата бележи раст за 6,1%, што се должи на зголемениот

промет во двата сектора - Рударство и вадење камен за 3,9% и Преработувачка индустрија за 6,2%.

Во периодот јануари - мај 2025 година во споредба со периодот јануари – мај 2024 година прометот во индустрија се зголеми во сите групи: Интермедијални производи, освен енергија за 6,9%, Капитални производи за 8,0%, Трајни производи за широка потрошувачка за 3,5% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 2,6%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

И во мај 2025 година продолжува трендот на силен пораст кај одобренијата за градење, кој започна во текот на претходните месеци. Оттука бројот на издадени одобренија за градење изнесува 469 , што претставува раст од 80,4% во однос на истиот месец од 2024 година. Ваквиот раст се должи на зголемениот број издадени одобренија за градење во сите категории, но пред сѐ кај високоградбата која бележи раст на бројот на издадени одобренија за градење за 91,7%, при што истите изнесуваат повеќе од половина од вкупниот број издадени одобренија. Висок раст се забележува и кај физичките лица и кај деловните субјекти. И доколку се гледа според региони, забележително е дека бројот на издадени одобренија за градење расте во повеќето региони, пред сѐ во Вардарскиот, Пелагонискиот и Полошкиот Регион.

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.9: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(мај 2025)*




Извор: ДЗС.

Споредено со април 2025 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 31,4%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во мај 2025 година е повисока за 34,1% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи раст за 24,6%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење 255 (или 54,4%) се наменети за објекти од високоградба, 104 (или 22,2%) за објекти од нискоградба и 110 (или 23,5%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 469 издадени одобренија за градење, на 232 објекта (или 49,5%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 237 објекти (или 50,5%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во мај 2025 година предвидена е изградба на 1037 станови со вкупна корисна површина од 90.813м². Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 42,2% на месечно ниво, а за 144,6% на годишно ниво.

Графикон 1.10: Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*



## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во април 2025 година изнесува 2.497 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 6,4%, при што раст се забележува кај нискоградбата за 25,3% и кај специјализираните градежни работи за 24,2%, додека кај високоградбата се забележува пад за 22,0%. Споредено со март 2025 година, вкупната вредност на извршените градежните работи бележи пад од 9,2%, и тоа кај високоградбата за 12,8% и кај нискоградбата за 9,5,%, додека кај специјализираните градежни работи се забележува раст за 14,9%. Кумулативно, во периодот јануари – април 2025 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 9.588 милиони денари, што е за 5,7% повеќе во споредба со истиот период минатата година.




Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во периодот јануари - април 2025 година се извршени градежни работи во вредност од 5.891 милион денари, односно за 1,5% помалку во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај високоградбата се зголеми за 15,8% и изнесува 3.197 милиони денари, а кај специјализираните градежни работи вредноста на извршените работи изнесува 499 илјади денари, односно 51,2% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - април 2025 година се зголеми за 7,7%, при раст кај високоградбата (18,2%), кај специјализираните градежни работи (54,3%) и кај нискоградбата (0,2%).

## Промет во секторот трговија

Во мај 2025 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот за 30,5%, по падот од 2,5% во април 2025 година. Вредноста на прометот во мај 2025 година изнесува 67.045 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - мај 2025 година, вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 323.672 милиона денари, што е за 1,3% повеќе во однос на истиот период минатата година.




Кумулативно, во периодот јануари - мај 2025 година, позитивен раст на прометот е забележан во секторите: трговија на големо, чија вредност на прометот изнесува 175.053 милиони денари, што е за 0,8% повеќе во споредба со истиот период минатата година, трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 128.377 милиони денари, односно за 2,1% повеќе во однос на истиот период минатата година и трговија со моторни возила и поправки каде што вредноста на прометот за тој период изнесува 20.242 милиона денари, односно за 1,1% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, во мај 2025 година трговијата на мало бележи раст од 2,8%, додека анализирано по групи и класи, зголемување се забележува во групите трговија на мало со

автомобилски горива за 4,1% и трговија на мало со непрехранбени продукти за 5,1%, а намалување се забележува само кај трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 0,5%.

Во мај 2025 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (53,4%), а потоа следуваат Трговија на мало (39,6%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (7,0%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во мај 2025 година изнесува 3,3% на годишно ниво и истата е повисока споредено со претходниот месец (2,6% во април 2025 година). Растот на инфлацијата овој месец во најголем дел произлегува од прехранбената компонента која овој месец забрза, додека базичната инфлација регистрираше забавување. Просечната инфлација во периодот јануари - мај 2025 година изнесува 3,7% на годишно ниво.



**Графикон 1.13:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*

Во мај 2025 година, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) регистрираше забавување споредено со претходниот месец и изнесува 4,2% на годишна основа (5,3% во април).

Овој месец, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци изнесуваат 4,9% и истите забележуваат позначително забрзување на растот во споредба со претходниот месец (1,5% во април), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во април изнесува 2,0 п.п. и истиот е зголемен за 1,4 п.п. во споредба со претходниот месец. Растот на цените на храната е очекуван бидејќи до крајот на април беа на сила мерките[1] на Владата за ограничување на маржите на основните прехранбени производи, меѓутоа растот се должи и на зголемените цени на кафето на светските берзи, како и на сезонскиот раст на цените на зеленчукот. Најголем позитивен придонес во растот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: кафе, чај и какао (годишен раст од 26,3% и придонес од 0,4 п.п.), зеленчук (годишен раст од 8,8% и придонес од 0,4 п.п.), месо (годишен раст од 3,1% и придонес од 0,3 п.п.) и млеко, сирење и јајца, масла и масти и овошје со придонес во растот од по 0,2 п.п..



Графикон 1.14: Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во мај 2025 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели од 7,8% (придонес во растот на вкупната инфлација од 0,5 п.п.). Раст на цените е регистриран и во следните категории:

[1] Од 20.2.2025 година стапи на сила одлуката за ограничување на маржите на 102 групи основни прехранбени производи и средства за хигиена и ограничување на цените на 8 групи најосновни прехранбени производи. Мерките се со важност заклучно со 30.4.2025 година. Со одлуката за ограничување на бруто профитната маржа во трговијата на големо и мало опфатени се 102 групи производи, односно:
-5% бруто профитна маржа на осумте основи прехранбени производи;
-10% бруто профитна маржа на прехранбени производи, односно група од 55 прехранбени производи (месо и преработки од месо, шеќер, млечни производи, маргарин, путер, конзервирани зеленчук и овошје, грав, ориз и тестенини).

Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,0[2]%, Рекреација и култура од 5,0%, Здравствена заштита од 4,1%, Разновидни стоки и услуги од 3,9%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 3,7%, Облека и обувки од по 2,9%, Домување, вода, електрична енергија, гас и други горива од 2,2%, Образование од 0,3% и Комуникации од 0,4%. Намалување на цените е регистрирано во категоријата Транспорт, и тоа од 7,0%.

Потрошувачките цени во мај се зголемија за 1,5% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,6%), што е резултат на зголемениот притисок на прехранбената компонента. Во мај, цените на храната регистрираа значителен раст од 4,1%, што во одреден дел се должи и на завршувањето на мерките на Владата за ограничување на маржите[1] на основните прехранбени производи.

Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан




Во мај 2025 година, цените на мало се зголемија за 1,6% на годишно ниво и истите забележуваат забавување на растот. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 0,2%.

Во мај 2025 година, стапката на инфлација во еврозоната забави во споредба со април и изнесува 1,9%[3].

Согласно проекциите на ЕЦБ, од стапката на инфлација на краток рок се очекува благо намалување на 2,3% во 2025 година, пред да се намали на 1,9% во 2026 година и 2,0% во 2027 година. Во 2025 година се очекува мало намалување на вкупната инфлација. Ова главно се должи на повисоката инфлација на цените на храната и нагорните базни ефекти на цените на енергијата, кои во голема мера ги неутрализираат надолните влијанија од опаѓачката инфлација. Како што исчезнуваат основните ефекти во енергетската инфлација, намалување на вкупната инфлација се очекува на почетокот на 2026 година.

## Берзански цени

Во мај 2025 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се намали за 5,2% на месечно ниво и изнесува 64,2 долара за барел. Намалувањето се должи на повеќе фактори, како што се зголемената понуда на нафта на земјите што не се дел од ОПЕК+ и воведувањето на трговските царини кои ја зголемија загриженоста за глобалниот економски раст, што може да ја намали побарувачката за нафта. На годишно ниво, цената на нафтата е пониска за 21,7%.

Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во мај 2025 година, цената на природниот гас[4] се намали за 3,0% на месечно ниво. Падот на цената на гасот е под влијание на неколку фактори, меѓу кои и временските услови кои ја намалија вкупната побарувачка, како и тоа што домашното производство во повеќе земји остана стабилно, што помогна во

[2] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сè до 2030 година. Во октомври 2024 година беше воведена нова цена на тутунот.
[3] Податокот е процена на Евростат
[4] Natural gas index (2010=100)

стабилизирањето на цените. Во мај 2025 година, цената на природниот гас се зголеми за 23,8% на годишно ниво.

Според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX), цената на електричната енергија во мај 2025 година изнесува 80,89 евра за мегават/час и на месечно ниво регистрираше пад од 5,4%. Овој месец, цените на електричната енергија се намалија како резултат на неколку фактори. Во Европа, цените паднаа како резултат на намалената побарувачка, зголеменото производство на енергија од обновливи извори и намалувањето на цените на гасот. Во мај, цената на електричната енергија се зголеми за 12,0% на годишно ниво.

Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

**Графикон 1.18:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Овој месец, цените на повеќето основни метали регистрираа зголемување на месечно ниво, и тоа: бакарот за 3,9%, алуминиумот за 3,3%, оловото за 2,9%, никелот за 1,5% и цинкот за 0,9%. Цената на калајот се намали за 1,8% на месечно ниво. Железната руда регистрираше пад од 0,3% на месечно ниво. На месечна основа, во мај 2025 година цените на благородните метали регистрираа раст, па така цената на златото се зголеми за 2,9%, на платината за 2,2% и на среброто за 1,7%.

Во мај, цената на пченката се намали за 5,2% на месечна основа, додека цената на пченицата се зголеми за 0,8%. Цената на сончогледовото масло се намали за 1,1% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |
| VII | 135,5 | 85,3 | 366,1 |
| VIII | 120,8 | 80,9 | 437,8 |
| IX | 106,1 | 74,3 | 416,94 |
| X | 92,2 | 75,7 | 457,1 |
| XI | 163,7 | 74,4 | 492,7 |
| XII | 143,9 | 73,8 | 490,3 |
| 2025 I | 140,2 | 79,2 | 518,8 |
| II | 158,9 | 75,2 | 542,8 |
| III | 109,0 | 72,6 | 468,3 |
| IV | 85,5 | 67,6 | 410,1 |
| V | 80,9 | 64,2 | 412,7 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите пет месеци од 2025 година изнесува 8.041,2 милиона евра и бележи раст од 1,9% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари - мај 2025 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е намалено за 1,7 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 60,7%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите пет месеци од 2025 година изнесува 21,3% и е намалено за 2,8 п.п. во однос на истиот период од 2024 година.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите пет месеци од 2025 година изнесува 3.347,7 милиони евра и бележи раст од 3,2% (102,4 милиони евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на извозот е намален за 2,2% во однос на истиот период минатата година.




Вредноста на извезените стоки во мај 2025 година изнесува 745,3 милиони евра и бележи двоцифрен раст од 23,4% (141,5 милиони евра) споредено со истиот месец претходната година. Ваквиот раст на извозот главно произлегува од зголемувањето на извозот на друмски возила (194,1%), тутун и производи од тутун (140,4%), како и електрични машини, апарати и делови (25,7%). Споредено со мај 2024 година, физичкиот обем на извозот е намален за 0,8% споредено со мај 2024 година.

Анализирано на месечно ниво, во мај 2025 година извозот бележи двоцифрен раст од 10,6% (71,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен раст од 4,3%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (6,3 п.п.) врз извозот овој месец.




Вредноста на извозот на храна во првите пет месеци од 2025 година е зголемена за 15,3 милиони евра, што претставува раст од 7,2% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на извезената храна е намалена за 11,0%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите пет месеци од 2025 година изнесува 6,8% и е зголемено за 0,3 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Во вкупниот извоз на храна, најголемо учество

има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (42,5%), жита и преработки од жита (22,7%), месо и преработки од месо (9,6%) и млечни производи и јајца (7,8%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2024 | I-V-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 59,3 | 30,9 | -28,5 | -47,9 |
| Мил. ЕУР | 42,1 | 21,7 | -20,4 | -48,4 |
| Мил.$ | 45,5 | 23,4 | -22,1 | -48,6 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2024 | I-V-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 460,3 | 455,0 | -5,3 | -1,2 |
| Мил. ЕУР | 341,1 | 282,4 | -58,7 | -17,2 |
| Мил.$ | 442,2 | 305,0 | -137,2 | -31,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2024 | I-V-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 23,0 | 31,4 | 8,4 | 36,6 |
| Мил. ЕУР | 822,2 | 706,9 | -115,3 | -14,0 |
| Мил.$ | 889,2 | 765,5 | -123,8 | -13,9 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2024 | I-V-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 13,1 | 13,5 | 0,4 | 3,2 |
| Мил. ЕУР | 76,9 | 75,3 | -1,6 | -2,1 |
| Мил.$ | 99,7 | 81,4 | -18,3 | -18,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2024 | I-V-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 290,3 | 309,1 | 18,8 | 6,5 |
| Мил. ЕУР | 226,8 | 234,6 | 7,8 | 3,4 |
| Мил.$ | 245,5 | 253,6 | 8,1 | 3,3 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2024 | I-V-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 269,6 | 354,6 | 85,0 | 31,5 |
| Мил. ЕУР | 188,7 | 223,2 | 34,5 | 18,3 |
| Мил.$ | 258,8 | 241,4 | -17,3 | -6,7 |

*)Претходни податоци

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првите пет месеци од 2025 година изнесува 4.693,5 милиони евра и бележи раст од 1,0% (46,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 7,4%.

Вредноста на увозот во мај 2025 година изнесува 967,1 милион евра и бележи раст од 8,6% (76,6 милиони евра) во однос на истиот месец од 2024 година, а увезените количини стоки се зголемени за 6,0% споредено со мај 2024 година.

Анализирано на месечно ниво, во мај 2025 година увозот бележи раст од 1,5% (14,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 4,5%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (3,0 п.п.) врз увозот овој месец.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот на храна во првите пет месеци од 2025 година е зголемена за 21,4 милиони евра, што претставува раст од 4,8% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на увезената храна е зголемена за 0,2%. Во првите пет месеци од 2025 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,9% и е зголемено за 0,4 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Во вкупниот увоз на храна, најголемо учество има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (21,1%), овошје и зеленчук (17,3%), жита и преработки од жита (13,1%), кафе, чај, какао и зачини (11,6%) и млечни производи и јајца (10,5%).

## Салдо на трговска размена

Во мај 2025 година, споредено со истиот месец претходната година, остварено е значително намалување на трговскиот дефицит за 22,6%, односно 64,9 милиони евра.

Во периодот јануари - мај 2025 година, трговскиот дефицит се намали за 4,0%, односно 55,9 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, пак, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, стоки за широка потрошувачка, индустриски набавки и храна и пијалаци.

Во првите пет месеци од 2025 година, 91,7% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Турција, Србија, Италија, Полска, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Унгарија и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 90,9% од трговската размена во периодот јануари - мај 2025 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2024 година претставува намалување за 1,6 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,9% и 89,6%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 2,5 п.п, а кај увозот за 1,0 п.п. во однос на периодот јануари – мај 2024 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - V - 2024 | | | | | I - V - 2025 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.555,5 | 4.207.306.055 | 61,5715 | 259.050.144.785 | 90,5 | 2.710,9 | 4.203.645.146 | 61,5904 | 258.904.185.972 | 89,6 | -3.660.910 | -0,09 |
| УСД | 224,8 | 426.203.863 | 56,9005 | 24.251.212.912 | 8,5 | 275,8 | 485.478.016 | 57,0363 | 27.689.869.785 | 9,6 | 59.274.153 | 13,9 |
| ГБП | 1,4 | 11.740.939 | 71,9116 | 844.309.687 | 0,3 | 0,8 | 8.404.538 | 73,2295 | 615.460.083 | 0,2 | -3.336.401 | -28,4 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2.781,7 | | | 284.145.667.385 | 99,0 | 2.987,5 | | | 287.209.515.839 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 2.790,3 | | | 286.131.947.059 | 100,0 | 2.996,7 | | | 289.086.839.993 | 100,0 | | 1,0 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – мај 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 132.575 милиони денари, што претставува 36,9% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 8,6% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024 година. Во рамки на вкупните приходи, 119.991 милион денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 37,6% од планираниот износ за 2025 година, односно се забележува раст од 6,2% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 74.046 милиони денари (реализација од 37,3% од планираниот износ за 2025 година), додека придонесите се реализирани во износ од 45.326 милиони денари (годишен раст од 8,2%, односно 38,7% од планираниот износ за 2025 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај приходите по основ на: данок на личен доход за 5,6%, данокот на добивка за 0,7%, данок на додадена вредност за 3,1%, акцизи за 10,6% и увозни давачки за 16,7%, додека другите даночни приходи бележат намалување за 14,0%. Во овој период, неданочните приходи бележат зголемување за 28,7%, капиталните приходи за 30,2%, а приходите по основ на странски донации за 116,7%.



**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари-мај 2025 година
Извор: Министерство за финансии



**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари-мај 2025 година
Извор: Министерство за финансии

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – мај 2025 година изнесува 151.372 милиона денари, што претставува 37,8% од годишниот план, односно зголемување за 5,1% во однос на истиот период од 2024 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 140.766 милиони денари или 39,9% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 6,8% во однос на истиот период од 2024 година. Раст се забележува кај расходите за плати и надоместоци за 10,4%, додека расходите за стоки и услуги се намалени за 2,4, а каматните расходи за 5,6%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 8,4%, водени од растот на социјалните трансфери за 10,9%, расходите за здравствена заштита за 8,4% и блок и наменските дотации за 9,1%. Расходите за субвенции и трансфери се намалени за 7,1%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 10.606 милиони денари (22,5% во однос на планираниот износ).

**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)






Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Во периодот јануари – мај 2025 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 18.797 милиони денари, што претставува 1,8% од проектираниот БДП за 2025 година, односно 45,5% од годишниот план.

**Табела 3.1**. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – мај 2025 година

| | Буџет 2025 | јануари - мај 2025 | | |
|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **358.838** | **132.575** | **8,6%** | **36,9%** |
| **Даноци и придонеси** | **319.234** | **119.991** | **6,2%** | **37,6%** |
| Даноци | 198.607 | 74.046 | 5,2% | 37,3% |
| Данок на личен доход | 35.676 | 13.100 | 5,6% | 36,7% |
| Данок на добивка | 23.287 | 10.482 | 0,7% | 45,0% |
| ДДВ | 86.692 | 31.981 | 3,1% | 36,9% |
| Акцизи | 35.388 | 12.165 | 10,6% | 34,4% |
| Увозни давачки | 16.255 | 5.956 | 16,7% | 36,6% |
| Други даночни приходи | 1.309 | 362 | -14,0% | 27,7% |
| Придонеси | 117.095 | 45.326 | 8,2% | 38,7% |
| **Неданочни приходи** | **26.302** | **9.912** | **28,7%** | **37,7%** |
| **Капитални приходи** | **3.510** | **410** | **30,2%** | **11,7%** |
| **Странски донации** | **9.792** | **2.262** | **116,7%** | **23,1%** |
| | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **400.188** | **151.372** | **5,1%** | **37,8%** |
| **Тековни расходи** | **353.032** | **140.766** | **6,8%** | **39,9%** |
| Плати и надоместоци | 48.141 | 19.234 | 10,4% | 40,0% |
| Стоки и услуги | 26.325 | 8.717 | -2,4% | 33,1% |
| Трансфери | 257.721 | 102.834 | 8,4% | 39,9% |
| Социјални трансфери | 191.046 | 76.500 | 10,9% | 40,0% |
| ПИОСМ | 119.995 | 49.629 | 13,8% | 41,4% |
| Агенција за вработување | 3.439 | 607 | -8,2% | 17,7% |
| Социјална помош | 15.080 | 6.275 | -0,5% | 41,6% |
| Здравствена заштита | 52.531 | 19.989 | 8,4% | 38,1% |
| Други трансфери | 64.211 | 25.377 | 0,7% | 39,5% |
| Камата | 20.845 | 9.981 | -5,6% | 47,9% |
| **Капитални расходи** [5] | **47.156** | **10.606** | **/** | **22,5%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-41.350** | **-18.797** | **-14,7%** | **45,5%** |

Извор: Министерство за финансии

[5] Методологијата на евиденција за прикажување на капиталните расходи е променета во 2025 година и не може да се спореди со износот за капитални расходи за истиот период од 2024 година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – мај 2025 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 34.666 милиони денари или 50,3% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (75,1%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 26.033 милиони денари или 54,3% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 17,8% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 43,4% (6.165 милиони денари) од планираните за 2025 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 17.118 милиони денари, што е 39,0% од вкупниот буџет за 2025 година. Најголем дел од расходите (57,1%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 9.773 милиони денари или 40,8% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 22,5%, за што се потрошени 3.847 милиони денари, односно 41,2% од вкупно предвидените.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари-мај 2025 година)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари – мај 2025 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 6.550 милиони денари, што претставува 40,9% од сопствениот буџет за 2025 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 64,6%, за што се потрошени 4.229 милиони денари или 42,8% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 14,9%. За таа намена беа реализирани 973 милиони денари или 32,0% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 4.530 милиони денари што претставува 55,3% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 95,8% во вкупните расходи, реализирани се 61,4% од планираните средства за цела година, односно 4.340 милион денари.

Во периодот јануари – мај 2025 година, Министерството за одбрана реализира 9.272 милиона денари, што е 45,3% од вкупниот буџет за оваа година. Капитални расходи има најголемо учество во расходите со 46,4%, па за таа намена реализацијата изнесува 4.304 милиони денари (50,5% од вкупно предвидените средства за тековната година). Плати и надоместоци учествуваат со 28,1% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 2.602 милиона денари, односно 39,1% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – мај 2025 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 1.266 милиони денари, односно 20,0% од планираните средства за 2025 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 53,7% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 680 милиони денари (15,7% од предвидените средства).

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 2.366 милиони денари или 30,3% од вкупниот буџет за 2025 година. Стоки и услуги има најголемо учество во расходите со 52,7%, за што се потрошени 1.247 милиони денари или 35,5% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна ставка е Тековни трансфери до вонбуџетските фондови со реализација од 965 милиони денари (27,6% од планираното за годината) и учество од 40,8% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – мај 2025 година, Министерството за транспорт реализира средства во износ од 3.481 милион денари или 19,5% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 89,5% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (3.115 милиони денари или 18,8% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 605 милиони денари, што претставува 32,8% од предвидените за 2025 година. Плати и надоместоци (326 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 53,9%, а притоа се реализирани 38,3% од планираните. По основ на капитални расходи отпаѓаат 25,3% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 153 милиони денари или 25,4% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска *(http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/)*.

## 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

### Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување

Во мај 2025 година, во Агенцијата за вработување беа регистрирани вкупно 78.921 новозаснован работен однос[6]. Во однос на истиот период од 2024 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 1,7%.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 44,7% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во мај 2025 година, 13,6% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во мај 2025 година изнесува 138.828, од кои 94.371 лице се активни баратели на работа, а 44.457 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 6,9%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на април 2025 година, бројот на невработени е намален за 574 лица.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (59,1%) е градско население, а според половата структура 48,2% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,9% е со непотполно средно образование или помалку, 23,6% со завршено средно образование, а 7,5% со вишо или повисоко ниво на образование.

[6] Во извештајниот период, за едно лице можат да се регистрираат повеќе пријави на засновани работни односи (М-1 обрасци), кои се евидентираат и бројат во вкупниот број регистрирани пријави (Агенција за вработување).

Анализирано според старосната структура, 50,1% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 59,5% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 13,9% чекаат 8 и повеќе години.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во април 2025 година изнесувала 45.452 денара и остварила годишен раст од 10,6%, а во однос на март 2025 година таа е повисока за 1,5%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на април 2024 година се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (14,7%), Образование (14,4%) и Административни и помошни услужни дејности (13,0%). Во април 2025 година, реалните плати забележаа годишен раст од 7,8%. Највисока просечна нето-плата во април 2025 година била исплатена во секторот Информации и комуникации (87.161 денар), во чии рамки највисок износ на нето-плата бил исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (101.452 денара), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 61.181 денар, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 56.593 денари и секторот Рударство и вадење камен со 54.657 денари.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Просечната номинална бруто-плата во април 2025 година изнесувала 68.294 денари и споредено со истиот месец од 2024 година пораснала за 10,7%, а на месечна основа таа е повисока за 1,6%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во април 2025 година во однос на април 2024 година се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (15,0%), Образование (14,6%) и Административни и помошни услужни дејности (13,2%).

**Графикон 4.5:** Просечна нето-плата по сектори, април 2025 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во мај 2025 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување беа евидентирани 344.054 пензионери. Во септември 2024 година беше изменет Законот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно кој од 1.10.2024 година има линеарно покачување на сите видови пензии за 2500 денари. Од вкупниот број пензионери, 71,3% се корисници на старосна пензија или 245.459 пензионери, 21,5% на семејна пензија или 73.906 пензионери и 7,2% на инвалидска пензија, односно 24.689 пензионери.

Просечната пензија во мај 2025 година изнесува 26.140 денари, што е за 22,9% повисока во однос на истиот месец од 2024 година[7]. Просечната старосна пензија во мај 2025 година изнесува 27.775 денари, просечната инвалидска пензија 23.664 денари, а просечната семејна пензија 21.536 денари. Овој месец за исплата на пензиите беа потрошени 8.842 милиона денари, што претставува 56,2% од вкупните социјални трансфери.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во април 2025 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,5%.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

| Табела 4.1 Податоци за пензиски примања за мај 2025 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Корисници на пензија** | **број** | **структура** | **просечна пензија** |
| **старосни** | 245.459 | 71,3% | 27.775,00 |
| **инвалидски** | 24.689 | 7,2% | 23.664,00 |
| **семејни** | 73.906 | 21,5% | 21.536,00 |
| Вкупно | 344.054 | 100,0% | 26.140,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 32 | | 15.915,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 710 | | 34.687,00 |
| **Вкупно** | 344.796 | | 26.157,00 |
| Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија | | | |

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во мај 2025 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 5,35%, при поизразени ризици од надворешното окружување. Одлуката за постепено олабавување на монетарната политика се заснова на оцената на инфлацијата и поволните движења на девизниот пазар.

Во мај 2025 година, Народната банка ја задржа каматната стапка на расположливите депозити преку ноќ и расположливите депозити на седум дена на нивото од 3,95% и 4,00%, соодветно.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити
(мај 2025 година)




Извор: НБРСМ.

[7] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Примарни пари

Во мај 2025 година, примарните пари[8] се намалија за 7,4% на месечно ниво. Намалувањето на примарните пари се должи на падот на вкупните ликвидни средства за 14,3%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 0,1%.

Во мај 2025 година, примарните пари се зголемија за 16,4% на годишно ниво, што се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 20,7% и на готовите пари во оптек за 12,7%.

## Депозитен потенцијал[9]

Во мај 2025 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 1,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на претпријатијата се зголемиле за 2,7%, а депозитите на домаќинствата за 0,8%.




Од аспект на валутата, во мај 2025 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута се зголемија за 1,1% и 1,8%, соодветно.

Во мај 2025 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 12,2% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 17,7%, а депозитите во странска валута за 4,9%.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст на годишно ниво од 12,4%, а депозитите на домаќинствата раст од 13,0%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (мај 2025 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***609.131*** | ***1,4%*** | ***12,2%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *365.589* | *1,1%* | *17,7%* |
| *Странска валута* | *243.542* | *1,8%* | *4,9%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *227.993* | *2,3%* | *6,0%* |
| *Долгорочни* | *151.445* | *0,7%* | *17,2%* |
| | | | |

[8]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.
[9]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Кредити на приватен сектор | ***514.006*** | ***1,1%*** | ***12,1%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *322.565* | *1,6%* | *19,1%* |
| *Странска валута* | *191.441* | *0,2%* | *2,0%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *79.384* | *0,5%* | *16,0%* |
| *Долгорочни* | *419.259* | *1,2%* | *12,1%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 6,0%, додека долгорочните депозити регистрираа раст од 17,2%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец изнесува 60,0%.

## Кредити на банките

Во мај 2025 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,1% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на претпријатијата за 1,0% и на кредитирањето на домаќинствата за 1,3%.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,6%, а девизните кредити за 0,2%.

На годишна основа, во мај 2025 година вкупните кредити се зголемија за 12,1%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 14,3% и 10,1%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 19,1%, а кредитите во странска валута за 2,0%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 12,1%, а краткорочните кредити од 16,0%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во мај 2025 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,05 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,06%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,07 п.п. и изнесува 5,51%, а каматната стапка на девизните кредити регистрираше пад од 0,02 п.п. и изнесува 4,37%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити *(во %)*




Извор: НБРСМ.

Во мај 2025 година, вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 2,21%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,01 п.п. и изнесува 2,73%, додека каматната стапка на девизните депозити остана непроменета во споредба со претходниот месец и изнесува 1,68%.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 4,85%, а на новоодобрените девизни кредити 3,85%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,73% и 1,74%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во мај 2025 година се намали за 32,3% на месечно ниво, како резултат на падот на прометот од блок трансакциите за 85,7%, додека прометот од класичното тргување се зголеми за 17,0%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во мај 2025 година изнесува 556,7 милиони денари, што претставува намалување за 16,3% на годишно ниво.

На крајот на мај 2025 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 10.668,94 индексни поени, при што на месечно ниво е зголемен за 2,8%, а во однос на истиот месец претходната година тој е зголемен за 43,3%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на мај 2025 година е 4.691,1 милион евра и во однос на претходниот месец тој е намален за 1,7%, а во однос на мај 2024 година девизните резерви се зголемени за 9,3%.